38387

НОВА МАКЕДОНИЈА, 15959,



**ЗА КОГО ПОСТОЈАТ МУЗЕИТЕ И ГАЛЕРИИТЕ ВО ГРАДОТ**

# Изложби само на сончева светлина!

**● Работното време на Музејот на град Скопје, на Музејот на Македонија и на Музејот на современа уметност е до 17 часот, а на Уметничката галерија „Даут Пашин Амам“ до 19 часот. – Што велат во овие институции за можноста за промена на работното време во летниот период**

Во текот на летната сезона целиот свет настојува што подобро да го искористи налетот на туристите, нудејќи им многу забава, разонода и културни содржини. Она што го нуди нашиот град во текот на летото како и за домашните и за странските туристи, така и за нашите граѓани е Скопското културно лето, повеќето галерии музеи и слично. Меѓутоа, доколку сакате да ги посетите Музејот на современа уметност, Музејот на град Скопје, или Музејот на Македонија (во чиј состав се и Археолошкиот, Историскиот и Етнолошкиот), тоа треба да го направите до 17 часот. Тоа значи или да избегате претпладне од работа или наместо попладневен одмор да тркнете до некои од музеите, во време кога асфалтот се топи од жештина. Малку подоцна, поточно до 19 часот е отворена Уметничката галерија „Даут Пашин Амам“. Имено, кога луѓето приквечер ќе се раздвижат накај Старата чаршија, во потрага по малку освежување и разонода, вратите на Галеријата веќе се затворени. И после се добива впечаток дека нашиот народ не ја сака уметноста.

## ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА (НЕ)ПОСЕТЕНОСТА

Факт е дека потребите на граѓаните и туристите не се во согласност со можностите на музеите и на галериите, меѓутоа, сепак, тие постојат и функционираат заради посетителите, а не сами за себе. Мора да се има на ум и тоа дека во Скопје годишно престојуваат близу 500.000 туристи, а да не заборавиме на оние кои се на минување и во нашиот град се задржуваат само неколку часа и тоа време го користат да посетат некој музеј или галерија. Се разбира доколку се отворени.

И додека секаде на запад, а и не само таму, работното време во ваквите институции се приспосубува на посетеноста, особено во време на летните месеци практика е да се работи двократно, што значи претпладне и во вечерните часови, ние со години ја „пееме“ истата песна. За можностите за воведување на вакво работно време во нашите музеи одговор побаравме самите институции и наидовме на веќе „дежурниот“ одговор проблем е недостигот на финансиски средства. Така, како што ни кажа Климе Коробар, директор на Музејот на град Скопје, кај нив постои заинтересираност за промена на работното време, но за тоа прво треба да се исполнат повеќе услови. Да се реши проблемот се обезбедувањето, бидејќи во зградата каде што се сместени нема посебно издвоен изложбен салон, па затоа треба да се постават подвижни врати со кои би се издвоиле службените простории од изложбените, да се вработат нови луѓе, а за сето тоа се потребни средства кои во моментот ги нема. Во Уметничката галерија ни рекоа дека работат додека има сонце (?!) зашто не им се исплатува да ја осветлуваат Галеријата, бидејќи е голем потрошувач а тие се во тешка финансиска ситуација. Во Музејот на Македонија и во Музејот на современа уметност сметаат дека посетеноста не би се зголемила и да се промени работното време зашто тоа, сепак, во голема мерка зависи од навиките на луѓето за посета на ваквите институции.

## ТУРИСТИТЕ ПРЕД ЗАТВОРЕНИ ВРАТИ

И сѐ така во круг. Секоја година истите иницијативи, истите забелешки од граѓаните и од туристите и истите одговори. А станува збор за институции кои се еден од столбовите на културата во градот, споменици на нашата историја и уметност.

– Нашиот град располага со големо културно богатство и има што да им понуди на туристите – истакна Ѓоко Донев, секретар на Туристичкиот сојуз на град Скопје. – Затоа мора да се менува односот на раководните лица во музеите кон нивните посетители. Ние со нив имавме неколку состаноци и наш предлог беше работното време да биде од 9 до 21 часот, со или без пауза. Меѓутоа колку е тоа прифатено може да се види од сегашното работно време. Секој си прави како што му одговара. Со тоа е занемарена основната функција на овие институции. Инаку сметам дека СИЗ-от за култура одвојува доволно средства за нивната дејност, за осветлување, за обезбедување и за одржување на објектите. Доколку организациите не ги разберат потребите на посетителите и на градот, Туристичкиот сојуз ќе му предложи на Градското собрание да донесе одлука за работното време кое тогаш мора да биде важечко за сите подеднакво. Можеби единствено така ќе се реши овој долгогодишен проблем.

А.С.